# АПЛИКАЦИЈА

САЕМ НА ЖЕНА WWW.SAEMNAZENA.MK
26-28.10.2012
**Скопски Саем –Скопје, Македонија**

**Omni Events**
Миле Попјорданов 48а 1/1
1000 Скопје
Тел/Факс. +389 2 323 82 81
E-mail: contact@events.mk
www.events.mk
www.saemnazena.mk
Сметка бр: 300000003176786
Комерцијална Банка АД Скопје

## 01. ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Долупотпишаната компанија, која претходно ги прочитала приложените Општи Услови во целост, се пријавува да учествува на саемот | |
| ИМЕ НА КОМПАНИЈА | |
| АДРЕСА | |
| ГРАД | ДРЖАВА |
| ТЕЛЕФОН | ФАКС |
| ВЕБ СТРАНА | E-MAIL |
| ДАНОЧЕН БРОЈ | МАТИЧЕН БРОЈ |
| БРОЈ НА СМЕТКА | БАНКА ДЕПОНЕНТ |
| ПРЕТСТАВУВАНА ОД | |
| ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ/МЕНАЏЕР НА ШТАНДОТ | |
| ТЕЛЕФОН | E-MAIL |
| | |
| | |

## 02. ДЕЈНОСТ НА КОМПАНИЈАТА – означи го релевантното поле

**ПРОИЗВОДСТВО**
☐ Индустрија
☐ Занаетчиство

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ**
☐ 0 – 10
☐ 11 - 50
☐ 51 – 100
☐ 101 - 500
☐ > 500

**ТРГОВИЈА**
☐ Претставник
☐ Дистрибутер
☐ Ексклузивен застапник

ГОДИШЕН ОБРТ ВО €

**ГОДИНА:** ………………………….
☐ <5
☐ 5.1 - 25
☐ 25.1 - 50
☐ > 50

☐ Училиште за усовршување
☐ Медиуми
☐ Федерација, асоцијација или трговска / стопанска комора
☐ Јавна институција

**%ИЗВОЗ** : ……………………………………..

**НАЈГОЛЕМА СОРАБОТКА СО**……………...
…………………………………………………...
…………………………………………………...

## 03. ЛИСТА НА ПРОИЗВОДИ – означи го релевантното поле

☐ **ПАРФЕМИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**
☐ **ПРОИЗВОДИ ЗА КОСА**
☐ **ПРОИЗВОДИ ЗА САЛОНИ ЗА УБАВИНА, ОПРЕМА И МЕБЕЛ**
☐ **ПРОИЗВОДИ ЗА НОКТИ**
☐ **ПАКУВАЊЕ**
☐ **МОДА И МОДНИ ДОДАТОЦИ**
☐ **МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВДИ И ОПРЕМА**
☐ **ЗДРАВ ЖИВОТ**
☐ **ЗДРАВА ХРАНА**
☐ **ДОМ И ДЕКОР**
☐ **ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛУГИ И БИЗНИС УСЛУГИ**
☐ **ДРУГО (Ве молиме наведете)** ……………………………………………………….

## 04. ЗАКУП НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР

**Цените на изложбениот простор зависат од: лојалноста на настанот, типот наштанд и датумот на пријавување**

| | ЦЕНА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | За 1 отворена страна *€/м2 | За 2 отворени страни *€/м2 | За 3 отворени страни *€/м2 | За 4 отворени страни (минимум 50м2) *€/м2 |
| Регистрација за време на настанот | ☐ **30 €** | ☐ **40 €** | ☐ **45 €** | ☐ **45 €** |
| Регистрација до 31 Мај, 2012 | ☐ **35 €** | ☐ **40 €** | ☐ **45 €** | ☐ **45 €** |
| Регистрација до 31 Август, 2012 | ☐ **45 €** | ☐ **50 €** | ☐ **55 €** | ☐ **55 €** |
| Регистрација по 31 Август, 2012 | ☐ **55€** | ☐ **60 €** | ☐ **65 €** | ☐ **65 €** |
| Уписнина и регистрација** | ☐ **30 €** | ☐ **30 €** | ☐ **30 €** | ☐ **30 €** |

* Вклучувајќи ги условите кои се специфицирани во Општите Услови на договорот под точка . 6.3

** Уписнина и регистрација вклучува внесување на податоците на компанијата во саемскиот каталог - со лого и основни информации до 60 збора (доколку текстот надминува 60 збора OmniEvents го задржува правото да го скрати според свои видувања), линк на официјалната веб страна на Саем на Жена, бесплатни копии од каталогот на Саем на Жена, пропусници за персоналот, бесплатни влезници и паркинг според закупената површина

**Горенаведените цени се без изработка на стандарден штанд**

## 05. РЕЗЕРВАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР

**Долупотпишаната компанија аплицира за:**
Добивање на изложбен простор од ……….…………. м2 (минимум 9 м2)
**Доколку е возможно:**

☐ штанд на агол (2 отворени страни) ☐ штанд со 3 отворени страни ☐ штанд со 4 отворени страни – остров (мин 50м2)

## 06. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ – САЕМСКИ КАТАЛОГ И ПРЕЗЕНТАЦИИ НА СЦЕНА

**САЕМСКИ КАТАЛОГ**

| **РЕКЛАМНА СТРАНА ВО САЕМСКИ КАТАЛОГ** | | | |
|---|---|---|---|
| Саемскиот каталог се печати во 10 000 примероци | | | |
| ОПИС | КОЛИЧИНА | ЦЕНА ЗА ИЗЛОЖУВАЧИ | ЦЕНА ЗА НЕИЗЛОЖУВАЧИ |
| 1/2 страна внатре | | ☐ **40 €** | ☐ **150 €** |
| 1/1 страна внатре | | ☐ **70 €** | ☐ **300 €** |
| 1/1 втора или трета страница | | ☐ **130 €** | ☐ **400 €** |
| 1/1 задна корица | | ☐ **170 €** | ☐ **500 €** |
| Лого на предна страна | | ☐ **500 €** | ☐ **800 €** |

**ПРЕЗЕНТАЦИИ НА СЦЕНА**

| **ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЦЕНА** | | | |
|---|---|---|---|
| Главна сцена, Медицинска училница и Професионална училница – времетраење на презентација макс. 30 мин, Театар на Готвењето и Make over во живо - времетраење на презентација макс 90 мин | | | |
| ОПИС НА ПРЕДАВАЊЕТО | КОЛИЧИНА | ЦЕНА ЗА ИЗЛОЖУВАЧИ | ЦЕНА ЗА НЕИЗЛОЖУВАЧИ |
| | | ☐ **100 €** | ☐ **300 €** |
| | | ☐ **100 €** | ☐ **300 €** |

| 07. РЕГИСТРАЦИЈА И РЕЗЕРВАЦИЈА НА ШТАНД | | НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ |
|---|---|---|
| А – УПИСНИНА И РЕГИСТРАЦИЈА | € **30,00** | • **УПИСНИНА И РЕГСТРАЦИЈА И 10% ОД ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА** |
| B – РЕЗЕРВАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР | €__________ | |
| C – РЕКЛАМНА СТРАНА ВО КАТАЛОГ | €__________ | • **ОСТАТОКОТ ОД ВРЕДНОСТА НА ФАКТУРАТА НАЈДОЦНА ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2012** |
| D – ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЦЕНА | €__________ | |
| ДДВ 18% | €__________ | |
| **ВКУПНО** | €__________ | |

Со потпишување на оваа Апликација – Договор ги прифаќаме Општите Услови и цените кои се дел од оваа Апликација.

______________________________
ДАТУМ

______________________________
ПОТПИС И ПЕЧАТ НА ИЗЛОЖУВАЧ

| 08. ПОТВРДА ЗА ДОДЕЛЕНИОТ ПРОСТОР (пополнува Омни Ивентс) | | |
|---|---|---|
| ГОЛЕМИНА НА ШТАНД________М2.<br>☐ штанд на агол (2 отворени страни)<br>☐ штанд со 3 отворени страни<br>☐ штанд со 4 отворени страни – остров (мин 50м2) | ☐ Метрополис Арена<br>☐ Втора Сала | **БРОЈ НА ШТАНД:** |
| ДАТУМ | ЗА ОМНИ ИВЕНТС | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА САЕМ НА ЖЕНА – СОСТАВЕН ДЕЛ НА АПЛИКАЦИЈАТА**

**1) ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1.1. Предмет на овој договор е закуп на внатрешен простор, во саемските хали на Скопски Саем во Скопје, кој организаторот на Саем на Жена - Омни Ивентс му го дава на користење на Изложувачот за време на одржување на манифестацијата "Саем на Жена" која ќе се одржи во период од 26-28 октомври 2012 година.

1.2. Податоците на Изложувачот, големината и цената на изложбениот простор се наведени во Апликацијата за учество на Саем на Жена која е составен дел на овој договор.

1.3. Наведениот изложувачки простор е во потполност резервиран дури по целосна уплата на договорената сума за изложувачки простор од страна на Изложувачот и издавањето на потврда за доделениот изложувачки простор од страна на Организаторот. Во цената за закуп вклучени се и следниве услуги и наем на опрема, а кои организаторот е обврзан да му ги обезбеди на изложувачот:

а. Изложбен простор

б. Систем октанорм конструкција според типот на избраната опција

б. Внес на име, адреса и изложбена позиција во службениот каталог на саемската манифестација

**2) ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА - ДОГОВОР**

2.1. Доставувањето на уредно пополнета Апликација за учество на Саем на Жена од страна на правно или физичко лице до Омни Ивентс, претставува предуслов и основ за склучување на овој договор.

**3) ПРИФАЌАЊЕ НААПЛИКАЦИЈА – ДОГОВОР**

3.1. По приемот на Апликацијата, потпишувањето на овој договор и плаќањето на уписнина и регистрација од страна на Изложувачот, Омни Ивентс го потврдува учество на саемот со издавање на потврда за доделениот изложбен простор.

3.2. По извршената распределба на просторот Омни Ивентс го известува изложувачот за доделената локација

3.3. Омни Ивентс го задржува правото да додели 10% помала или поголема површина од пријавената, ако тоа го наложува распоредот на локациите

3.4. Омни Ивентс го задржува правото на промена на цената на изложбениот простор во зависност од местоположбата на доделената локација, според критериумите наведени во Апликацијата.

3.5. Омни Ивентс го задржува правото да ги релоцира штандовите на изложувачите за 10% од договорената локација, во случај кога Омни Ивентс мисли дека ваквите промени се неопходни за да се задржи карактерот или распоредот на манифестацијата. Во ваков случај изложувачот нема право да бара враќање на уплатените средства.

3.6. Омни Ивентс го задржува правото да ги одбие изложувачите во случај кога Омни Ивентс смета дека ваквите промени се неопходни за да се задржи карактерот или распоредот на Саем на Жена. Во ваков случај изложувачот има право да бара враќање на уплатените средства.

**4) УРЕДУВАЊЕ И ДЕКОРАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕНИОТ ПРОСТОР**

4.1. Штандот технички може да го изведе Омни Ивентс во соработка со Експо Медиа, изложувачот во сопствена режија или трето лице за сметка на изложувачот

4.2. Изгледот на штандот го дефинира Омни Ивентс во соработка со претставник на изложувачот

4.3. Изготвениот проект треба да биде заверен (печат и потпис) од двете страни најдоцна 10 дена пред почетокот на манифестацијата

4.4. Проектот по кој изложувачот самостојно го изведува штандот треба да биде доставен на одобрување кај овластеното лице на Омни Ивентс најдоцна 15 дена пред почетокот на манифестацијата. Само со одобрување за влез во халата заверено од страна на Омни Ивентс може да започне монтажата на штандот.

4.5. Целата дополнителна електрична опрема и апаратура која ќе биде користена на саемот мора претходно да биде одобрена од страна на надлежните во Скопски Саем. Изложувачот се согласува да се придржува до сите одлуки донесени од страна на Скопски Саем. Опремата која нема да биде одобрена ќе биде отстранета од Саем на Жена.

4.6. Дополнителните измени и преправки направени во последните 3 дена пред почетокот на манифестацијата се наплатуваат по цени повисоки за 30% од редовната цена

4.7. Максималната висина на штандовите изнесува 250см, а за катна конструкција се наплатуваат дополнителни 50% од основната цена
Максималното оптеретување на подот во Метрополис Арена е 800кг/м2, односно 3 тони

4.8. Уредувањето на просторот може да започне 4 дена пред почетокот на манифестацијата во редовно работно време од 8 до 16 часот, а последните два дена од 8 до 20 часот. Внесување на експонатите на изложувачите може да започне еден ден пред почетокот на саемот од 8 до 20 часот, додека изнесувањето на експонатите мора да биде завршено еден ден по завршување на саемот најдоцна до 14 часот.
Демонтажата на штандот, подигањето на експонатите и инвентарот треба да заврши најдоцна 3 дена по завршување на саемската манифестација.

4.9. Изложувачот е должен изложените експонати и неговиот инвентар да ги подигне најдоцна до 12 часот на 29.10.2012 година, односно еден ден по завршување на манифестацијата. Во спротивно Омни Ивентс ќе ги смести во магацинските простории на Експо Медиа, за што изложувачот е должен да плати манипулативни трошоци и лежарина според официјалниот ценовник на Експо Медиа .

4.10. За време на уредувањето на изложбениот простор изложувачот, односно изведувачот е должен да ги почитува прописите за ПП заштита и заштита при работа дадени во упатството. Пушење и палење оган (пр. свеќа или сл.) најстрого се забранува.

4.11. Пуштање музика на изложбениот простор е дозволено, но само доколку не преминува 40 децибели, како не би им сметало на останатите изложувачи, односно настаните на централните бини или пак предавањата кои ќе се одржуваат на манифестацијата.

4.12. Демонстрација на машини и опрема, дегустација на прехрамбени производи, како и продажба на изложените производи на штандот се дозволува само со претходна согласност на Омни Ивентс.

4.13. Изложувачот е должен изложбениот простор, штандот и инвентарот, со кои се задолжил по завршувањето на саемот да ги предаде во истата состојба во која што ги примил, а настаната штета е должен да ја надомести.

4.14. Изложувачот е одговорен за било каква штета која е предизвикана од градење на посебни подови, ѕидови или штандови, или за оштетување на инвентарот даден на користење. Изложувачот не смее да нанесува боја, лак, лепак или други слични материјали на штандовите или на опремата која доаѓа во стандардниот пакет.

4.15. Изложувачот е должен да се придржува на одредбите на ова упатство и договор на Омни Ивентс.

**5) ОДГОВОРНОСТИ**

5.1. Изложувачот се согласува да се придржува до и да ги почитува сите услови и правила кои се поставени од страна на Омни Ивентс, за времетраење на периодите на монтажа и демонтажа, како и за времетраење на Саем на Жена.

5.2. Изложувачот се согласува да го искористи просторот кој му е доделен само за изложување на производите и услугите кои се наведени во договорот и се согласува да не го ре-издава просторот на трети лица, освен во случај на писмено одобрување од страна на Омни Ивентс.

5.3. Изложувачот е должен во период на монтажа и демонтажа, како и во работното време на манифестацијата да обезбеди постојано присуство на одговорно лице на штандот.

5.4. Изложувачот потврдува дека ќе ангажира професионален персонал кој ќе го опслужува неговиот штанд за времетраење на манифестацијата.

5.5. Омни Ивентс нема да бидат одговорни за каква било штета или повреда на изложувачот, неговите агенти или вработени, освен во случај на намерно предизвикана штета или повреда од страна на Омни Ивентс.

5.6. Доколку настане штета, кражба или слично, на изложените експонати во тек на работното време на саемот, во период на монтажа или демонтажа, одговорноста за настанатата штета паѓа на изложувачот. Сопственоста на изложувачот ќе биде изложена на негов сопствен ризик и

5.7. Омни Ивентс не превзема никаква одговорност за било какви загуби или штети. Изложувачот ја превзема целата одговорност во случај на штета или загуба во случаите на пожар, кражба за време на работните часови, поплава, земјотрес, експлозија или било каква друга природна непогода која не е под контрола на Омни Ивентс.

5.8. Омни Ивентс ја превзема одговорноста на обезбедување на експонатите вон работното време на саемот, т.е. во времето од затворањето до отворањето наредниот ден.
5.9. Изложувачот е должен изложените експонати да ги осигура самиот кај осигурително друштво
5.10. Изложувачот се согласува дека нема да го демонтира штандот или да ги отсрани своите експонати за времетраење на Саем на Жена, и дека штандот ќе остане во корисна состојба се до завршетокот на саемот.
5.11. Директна продажба на производи и услуги е можна само доколку изложувачот ги исполнува сите законски прописи за таа намена. Во наведниот случај изложувачот се обврзува да во изложбениот простор ја има целата потребна документација која ја налагаат инспекциските служби. Доколку за наведените постапки дојде до било каков прекршок кај изложувачот, организаторот не сноси никаква одговорност. За сите евентуални противзаконски дејности кои изложувачот ги направил на својот изложбен простор, одговара само тој.
5.12. Изложувачот гарантира дека производите и услугите кои ги нуди на саемот и активностите кои ги превзема не се лажни, не врши продажба на фалсификувани или украдени производи, не повредува право од интелектуална сопственост или некое друго право на трета лице, не превзема активности спротивни на  закон или подзаконски акт, не продава производи или нуди услуги кои се опасни по животот и здравјето на луѓето.

**6) САЕМСКИ КАТАЛОГ**
6.1. Поднесувањето на податоците за внес на Вашата фирма во каталог треба да биде најдоцна 30 дена пред почеток на саемската манифестација. Доколку не се почитува рокот, организаторот си го задржува правото да ја внесе Вашата фирма со податоци за името и дејноста и наплата од 30 евра.

**7) ОТСТАПУВАЊЕ ОД САЕМСКИОТ РЕД**
7.1. Во случај изложувачот да не се придржува до правилата и условите наведени во овој договор, сите права на изложувачот наведени во овој договор ќе бидат неважечки. Плаќањето од страна на изложувачот ќе биде задржано како отштета за прекршување на правилата на овој договор, и Омни Ивентс има право да го издаде просторот на друго лице.

**8) УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ**
8.1. По доставување пријава за учество на Саемот на Жената од страна на изложувачот, Омни Ивентс и Изложувачот го потпишуваат овој договор по што Омни Ивентс доставува фактура за сите услуги кои изложувачот ги има наведено во пријавата, по официјалниот ценовник на услугите наведен во Апликацијата.
8.2. Како гаранција на договорот и за резервација на просторот, изложувачот е должен во рок од 3 дена од доставување на фактурата да ја плати сумата за Уписнина и Резервација, како и 10% од вкупната сума на договорот на име депозит за резервација на простор, со што му е загарантиран закупениот простор. Во случај изложувачот да не го уплати депозитот, Омни Ивентс не му го гарантира просторот во халата.
8.3. Изложувачот е должен да изврши уплата во целост на износот по фактурата, најдоцна до 30.09.2012.
8.4. Веднаш по примената уплата на средствата или по приемот на гаранцијата за плаќањето, Омни Ивентс е должен на изложувачот кој на тој начин ги подмирил своите обврски, да му издаде потврда која на изложувачот ќе му послужи при внесување и изнесување на експонатите во/од кругот на Скопски Саем.
8.5. Изложувачот има право да ја откаже резервацијата за закуп на изложбен простор најдоцна 45 денови пред отворање на Саем на Жена (најдоцна до 11.09.2012 год), во кој случај изложувачот го губи правото на враќање на оставениот депозит. Во случај изложувачот да го откаже своето учество во периодот од 45 денови (од 12.09.2012)  пред почетокот на Саем на Жена, должен е да го подмири вкупниот износ предмет на овој договор во целост. Сите откажувања мора да бидат поднесени до  и потврдени од страна на Омни Ивентс во писмена форма и датумот на стапување во сила ќе биде датумот кога пријавата за откажување на закупот е добиена. Во случај на откажување на закупениот простор, Омни Ивентс може да го издаде просторот на други лица.
8.6. Во случај изложувачот да не го подмири целиот долг до 30.09.2012 година, тој го губи правото на враќање на депозитот и со тоа не му се гарантира локацијата на штандот. Омни Ивентс може да го издаде просторот на други лица.
8.7. По завршување на саемската манифестација на изложувачот ќе му биде доставена конечна фактура во која се наведени сите услуги по официјалниот ценовник наведен во пријавата и договор за учество на саемот. Цените се без пресметан ДДВ. Изложувачот е обврзан да ја плати во целост конечната фактура, во валутниот рок назначен во фактурата.
8.8. Се исклучува можноста за компензација како начин за плаќање на услугите.
8.9. Со потпишување на оваа Апликација, Изложувачот е согласен со условите кои се составен дел на Апликацијата, како и со начинот на плаќање наведен во Апликацијата.
8.10. Во случај Саем на Жена да биде откажан, сите парични средства префрлени на Омни Ивентс од страна на изложувачите ќе бидат вратени, и Омни Ивентс нема да биде одговорен за било какви штети настанати по било која основа.

**9) ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ**
9.1. Доколку со овој договор поинаку не е определено, на правните односи кои произлегуваат или се поврзани со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.
9.2. Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските и одговорностите кои произлегуваат од оваа Апликација, доколку неисполнувањето се јавило како последица од штрајк, пожар, земјотрес, поплава, војна, прекин во дотурот на електрична енергија или прекин во телекомуникациските услуги, или некој друг настан кој е вон контрола на некоја од страните.
8.3. Сите измени и дополнувања на овој договор ќе бидат единствено валидни доколку се направени во писмена форма и потпишани од овластени претставници на секоја од договорните страни.
8.4. Сите спорови и недоразбирања кои ќе произлезат од овој Договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат на спогодбен начин. Во спротивно, споровите ќе бидат решавани пред Арбитрарниот суд Скопје во Скопје.
8.5. Договорот е составен во (2) два идентични примероци, од кои по еден примерок за секоја договорна страна

ПОДНЕСЕНАТА ПРИЈАВА Е НЕОТПОВИКЛИВА И ОБВРЗУВАЧКА ЗА ИЗЛОЖУВАЧОТ ДОКОЛКУ НЕ ЈА ОТКАЖЕ ИСТАТА ПО ПИСМЕН ПАТ НАЈМНОГУ 45 ДЕНА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА.

Со потпишување на овој договор
ги прифаќаме општите услови и
цени за учество.

За Омни Ивентс

За Изложувач

____________________
Потпис и печат

Скопје, ________________
Датум

____________________
Потпис и печат